РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: ___
Рок на чување: ___ год.
02-09-2016 година
Потпис, ___

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“, број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“, број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), по овластување на директорот на Царинската управа број 04-052482/16-0001 од 26.07.2016 година, заменик директор донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-047145/16-0021 од 30.08.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 20/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција, за доделување на договор за Набавка на работи изведба на топловодно парно греење во управната зграда на ГП Блато, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

Проектантско монтажно инсталатерска задруга со ограничена одговорност ЕНЕРГОМОНТАЖА Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-047145/16-0002 од 19.07.2016 година, за јавна набавка на работи изведба на топловодно парно греење во управната зграда на ГП Блато .

Износот на средствата од 900.000 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2016 година, на раздел 09003, сметка 637, програма 22, ставка 481.

Согласно член 37 и член 121 од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 20/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-047145/16 -0021 од

30.08.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да го избере понудувачот Проектантско монтажно инсталатерска задруга со ограничена одговорност ЕНЕРГОМОНТАЖА Скопје

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

m-r Lavdrim Veliu
Заменик директор

Бр. 05-047145/16-0023
Скопје 02 -09- 2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Дафинка Кијевска
Одобрил: по овластување
на директорот 04-057371/16-0002 од 16.08.2016 година
Горан Кузевски
Согласен: Јово Ѓутески